РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ПРОСВЕТЕН ИНСПЕКТОРАТ
INSPEKTORATI SHTETËROR I ARSIMIT
Бр.Nr. 04-751/9
20.12 2021 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 11 и член 52 став 1 од Закон за административни службеници(„Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/2019, 14/2020 и 215/21), Директорот на Државниот просветен инспекторат донесе

**ОДЛУКА**
**за избор на кандидат по Интерен оглас број 03/2021 за унапредување на административен службеник во Државен просветен инспекторат**

1. Кандидатот **Ангел Будоски**, по пат на интерен оглас број 03/2021 се избира за работно место УПР0101В01000, **Советник за буџетска контрола во инспекторатот,** Одделение за финансиски прашања - (1) извршител

2. Изборот е извршен врз основа на Финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат по Интерен оглас 03/2021 со архивски број 04-751/8 од 17.12.2021 година.

3. Именуваниот ќе биде унапреден на работното место од став 1 по конечноста на оваа одлука.

4. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Врз основа на добиено известување за обезбедени финансиски средства од Министерство за финансии со архивски број 18-9222/2 и 18-2449/2 од 11.03.2021 година, Директорот на Државниот просветен инспекторат упати барање со архивски број 04-751/1 од 09.12.2021 година за објавување на интерен оглас за унапредување на административни службеници во Државен просветен инспекторат. Оделението за управување со човечки ресурси, објави интерен оглас број 03/2021 со архивски бр. 04-751/3 од 09.12.2021 година за унапредување на 2 (два) административни службеника во Државен просветен инспекторат, на ден 10.12.2021 година на веб страницата на Државен просветен инспекторат и на Агенцијата за администрација.Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административни службеници, комисијата за унапредување на административни службеници, формирана од страна на Директорот на Државен прсветен инспекторат со Решение за формирање на Комисија за селекција за унапредување на администратвни службеници со архивски број 04-751/5 од 15.12.2021 година, направи административна селекција на пријавените кандидати кои што ги исполнуваат условите предвидени согласно Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работни места во Државен просветен инспекторат. Врз основа на освоените бодови од

административна селекција и освоените бодови од интервјуто, комисијата состави Записник од административната селекција за интерен оглас број 03/2021 за унапредување на административен службеник со архивски бр. 04-751/6 од 17.12.2021 година, Записник од спроведување на интервју за унапредување на администратвен службеник со архивски бр. 04-751/7 од 17.12.2021 година и изготвена Финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат по Интерен оглас 03/2021 со архивски број 04-751/8 од 17.12.2021 година. Врз основа на ранг листа Директорот на Државниот просветен инспекторат донесе одлука да се изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

По конечноста на оваа одлука, ќе се донесе решение за унапредување за именуваниот.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на веб страницата.

ДИРЕКТОР
Ardian Musliu

Доставено до:
- именуваниот/та;
-Одделение за управување со човечки ресурси
- архива